Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на 08 и 09.11.2012 година спроведе посета на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“. Посетата на 08.11.2012 започна во 09:30 часот и заврши во 14:00 часот, додека на 09.11.2012 година започна во 09:00 часот, а заврши во 13:30 часот (вкупно времетраење на посетата од 9 часа). На 09.11.2012 година НПМ ја спроведе посетата придружуван од надворешен соработник-психијатар, согласно Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Народниот правобранител на РМ и Здружението на психијатри на РМ.

НПМ спроведе ***редовна ненајавена посета*** на психијатриската болница Скопје, во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Целта на посетата согласно Факултативниот протокол е идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во јавната здравствена установа, постапувањето со пациентите, остварувањето на правата загарантирани со Законот за ментално здравје, Законот за заштита на правата на пациентите и други правни акти, како и водењето на евиденциите во врска со оваа категорија на лица.

Посетата на болницата се спроведе во неколку чекори во текот на два работни дена. Тимот на Националниот превентивен механизам на почетокот од посетата разговараше со директорот и заменик директорот на установата, а потоа направи увид во приемното одделение, алкохолно и акутно одделение[1], интерно и геријатрија[2], судско одделение и кујната. Во текот на вториот ден НПМ беше придружуван од надворешен соработник (психијатар), а согласно утврдената методологија на работа беа формирани два подтима при што беше спроведен увид во останатите одделенија на болницата: ургентно машко и ургентно женско одделение, хронично машко и хронично женско одделение (одделение за продолжено лекување, рехабилитација и ресоцијализација)[3], одделението за продолжено лекување и нега (поранешно V машко одд.). НПМ спроведе и посета на одделението за психијатриска рехабилитација и ресоцијализација (хостел) и на одделението за работна терапија, рехабилитација и ресоцијализација.

При посетата беа спроведени разговори со повеќе пациенти кои престојуваат во установата, а НПМ тимот, придружуван од надворешниот соработник, оствари средба и разговор со повеќе вработени кои во моментот на посетата беа на работните места (лекари-специјалисти, медицински сестри, техничари, болничари и др.), а направи увид и во болничката евиденција, регистри, планови за индивидуален третман и неколку медицински досиеа.

---

[1] поради преземање на градежни зафати пациентите од овие две одделенија се сместени во една зграда и не се физички издвоени.

[2] поради преземање на градежни зафати пациентите од овие две одделенија се сместени во една зграда и не се физички издвоени.

[3] Поради преземање на градежни зафати, во ова одделение се сместени и пациенти со хронични ментални заболувања, како и асоцијација на ментални со соматски заболувања (пациенти од поранешно IV хронично одделение), а кои имаат потреба од продолжено лекување и нега.

Посетата на болницата се реализираше во целосна соработка со управата и вработените на установата притоа НПМ тимот имаше непречен увид во местата на сместување, како и целосна слобода во изборот на лица со кои спроведе разговор.

НПМ во разговор со пациентите не доби поплаки за тортура и сурово постапување, а односот на персоналот беше оценет како коректен. Во оваа установа се применува посебен протокол со кој е разработена политиката и правилата за преземање мерки за ограничување (фиксација) на пациентите и средствата кои смеат да се користат при фиксацијата.

За секој пациент соодветно се изготвува индивидуален план за третман и рехабилитација. Пациентите од различен пол во болницата се сместуваат во одвоени простории. Во најголемиот дел од одделенијата беше истакнат куќниот ред на активности, а соодветно беше поставено и сандаче за жалби и пофалби.

Сепак, материјалните услови и состојби не ги задоволуваат посакуваните стандарди: најголемиот дел од објектите се стари и нереновирани, санитарните јазли и бањите се делумно руинирани, нечисти и неприлагодени за оваа категорија лица, креветите и душеците за спиење во најголем број се стари и дотраени. Особено загрижувачка е состојбата со т.н. „поранешно петто одделение“ и истата бара најитна реакција.

Степенот на реновирање и напредокот во изградбата на новите објекти не е на задоволително ниво и се одвива многу бавно, а поради тековните градежни зафати постои преполнетост на капацитетите во некои од одделенијата. Болницата не е соодветно и целосно екипирана со кадар кој ќе ги задоволи потребите за лекување, рехабилитација и/или нега на пациентите.

Не се спроведуваат во пракса одредбите од член 59 ст.2 од Законот за вонпарнична постапка, поточно поради тешката применливост (или неприменливост) на оваа одредба не се обезбедуваат (или само во ретки случаи се обезбедуваат) двајца полнолетни сведоци согласно кои ги исполнуваат законски предвидените предуслови. Не се спроведуваат во пракса одредбите од Законот за вонпарнична постапка во делот на присилната хоспитализација, поточно и понатаму продолжува проблемот со обезбедување на решение од судот во законски предвидениот рок од 3 дена.

Во книгата за фиксација во ургентното машко одделение не се внесува времетраењето на физичката имобилизација, туку само почетокот на фиксацијата, а за времетраењето на фиксацијата нема постојано присуство на медицинско лице во самата просторија, туку надзорот се врши преку прозорот од просторијата на медицинските сестри и техничари. НПМ утврди дека посебна листа за акутна психичка декомпензација не е пополнета за новопримениот пациент кој бил физички имобилизиран во текот на ноќта. Во машкото ургентно одделение постои пракса додека едно лице е физички имобилизирано во собата за фиксација, во истата просторија да се сместуваат истовремено и други лица кои се под засилен надзор, а кои не се фиксирани, што претставува опасност по личната безбедност на лицето.

Квалитетот и квантитетот на храната што им се нуди на пациентите не ги задоволува енергетските барања, а загрижува фактот што постои недостаток на намирници и прехранбени продукти поради ненавременото доставување од страна на добавувачите.

Не секогаш се почитува правото на приватност, а правото на пациентот да поседува предмети за лична употреба не се остварува на задоволителен степен. Меѓу пациентите видно е постоењето на генерално лоша состојба со забилата, особено кај лицата со хронични ментални заболувања кои подолго време се сместени и лекуваат во оваа установа.

Само дел од лицата сместени и хоспитализирани во болницата се вклучени во окупационата терапија. Првенствено, ваквата состојба е резултат на самата природа и степенот на развој на болеста, меѓутоа НПМ смета дека истото во голема мера зависи и од степенот на мотивирање на лицата од страна на персоналот.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за здравство и до психијатриската болница „Скопје“ со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.